Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-359/16
20-09-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–359/1 од 16.05.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи, од страна на Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, со седиште на ул. "Орце Николов", број 116 во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 20.09.2023 година, го донесе следното

# М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија кон лицето [redacted] од Скопје.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 16.05.2023 година поднесена е претставка за заштита од дискриминација, заведена под архивски број 08–359/1, од страна на лицето [redacted] од Скопје, а против Министерство за одбрана на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Министерство за одбрана) за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи.

I.

Според наводите изнесени во претставката и доуредувањето на истата, подносителот истакнува дека долго време е понижуван и малтретиран од страна на работодавачот, Министерство за одбрана поради тоа што во континуитет се носат наредби за негово распоредување на се пониски работни места. Истакнува дека дискриминацијата ја потврдува со неколку факти, и тоа, 1) на работното место две години му бил претпоставен, односно Началник десет години помлад колега без

завршено соодветно образование, односно ВЕС (воено-евиденциска специјалност) за наведената должност и со помало работно искуство и образование; 2) со неговото поставување во Командата за операции во Ј-4 во месец април 2023 година истото се повторува; 3) наведува дека во министерството има работни места на кои може да биде поставен, односно распореден, но тоа не се прави единствено поради одмазда кон него, 4) во 2001 година бил поставен за Началник на одделението за телекомуникации, а воедно и заменик на Началник на Секција Г-6 во Командата во која бил поставен и во април 2023 година, што практично би значело дека сега е вратен 22 години station наназад во кариерата и 5) појаснува дека како потполковник 10 години бил поставен на повисоко место полковник каде уште во 2014 година ги исполнувал условите за унапредување меѓутоа до денес не е унапреден туку е поставен на уште пониско работно место – мајор. Напоменува дека ваквото однесување го смета за нехумано особено со оглед дека неговата сопруга е прогласена за инвалид од 1ва категорија со оштетување од 90%, а тој е принуден секојдневно да патува од Скопје до работното место во Куманово и не е во можност да биде поблиску до неа.

II.

Со оглед на наведеното, Комисијата соодветно се обрати до Министерство за одбрана на Република Северна Македонија со Барање за произнесување број 08-359/3 од 17.05.2023 година. По ова изготвено е Барање за вршење на увид заведено под број 08-359/5 од 21.06.2023 година по што е извршен увид во Министерството за одбрана и составен е Записник број 08-359/7 од 27.06.2023 година кон кој е приложено Известување по претставка заведено под "Д" број 21-30/188 од 05.06.2023 година; Наредба за поставување Д број 21-20/556 од 19.04.2023 година; Записник за соопштување на наредба број 21-37/118 од 24.04.2023 година; Наредба за поставување Д број 21-8/468 од 21.10.2020 година и Пресуда на Основен граѓански суд ПРО-4247/20 од 03.02.2022 година. Во Известувањето кое е со степен на класификација на податоците "доверливо" образложено е преместувањето на лицето Сашо Трифуновски во рамки на неговата служба во Армијата на Република Северна Македонија, повикувајќи се на законски одредби утврдени со Закон за служба во Армијата на Република Северна Македонија, понатаму Одлуки на Претседателот на Република Северна Македонија и Наредба на Началник на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија.

Воедно на 12.06.2023 година до Комисијата доставено е Известување заведено под број дов. 15-229/1 од Министерство за одбрана, кое е со степен на класификација на податоците "доверливо" и во кое се наведува дека од страна на министерството како работодавач во ниту еден случај не е сторена дискриминација кон подносителот на претставката, дека наводите во претставката се неосновани и не се поткрепени со докази. Исто така се наведува дека поставувањето на [redacted] во рамки на Армијата на Република Северна Македонија е согласно законските одредби утврдени со Закон за служба во Армијата на Република Северна Македонија, понатаму Одлука


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

на Претседателот на Република Северна Македонија и Наредба на Началникот на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија.

По ова, од причина што се изнесени нови факти и околности од страна на подносителот на претставката [redacted] до Министерството за одбрана доставени се повеќе дописи – Барања за дополнителни податоци и Барања за вршење на непосреден увид. Неколкуте Барања се однесуваат на тоа: дали работното место-формациско место на кое [redacted] работел пред распоредувањето во март 2023 година е укинато или упразнето и доколку е укинато, побаран е актот со кој истото е направено. За Комисијата важен беше бараниот податок - Дали од страна на Министерство за одбрана е постапено по Жалбата поднесена од лицето [redacted] заведена под број 21-36/15 од 24.04.2023 година, воедно доколку по истата е постапено дали и кога соодветниот акт е доставен до подносителот на жалбата. Понатаму, беше побаран податок и за тоа - Дали [redacted] е поставен на истата работна позиција каде претходно работел [redacted] и на која работна позиција и ВЕС работи [redacted].

Со оглед да прибирањето на потребната документација траеше подолг временски период, на 15.08.2023 година беше извршен службен раговор во просториите на Министерството за одбрана со [redacted], која во текот на разговорот детално го појасни движењето во кариерата на лицето [redacted] сметано од декември 2010 година па се до денес, односно заклучно со последното преместување на именуваниот. Наведеното евидентирано на Записник број 08-359/15. Сето изнесено кореспондира со писмениот Одговор на барање бр. 15/2-2197/6, доставен од Министерството за одбрана до Комисијата на 31.08.2023 година.

Имено, во Одговорот се наведува дека **формациското место на кое бил поставен подносителот во 2020 година во Куманово е укинато** согласно Одлука на Претседателот на Република Северна Македонија. По ова со Наредба за организациско-формациски промени на Началникот на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија и согласно динамичкиот план за трансформација на Армијата, односно единицата каде [redacted] бил поставен, Команда за операции, започнала да се трансформира од 01.03.2023 година поради што местото на кое бил поставен како што е наведено – било укинато. Согласно на тоа, подносителот на претставката е поставен на должност на друго формациско место во Куманово. Против наредбата за поставување на тоа формациско место Сашо Трифуновски поднел жалба, барајќи да биде поставен во Скопје каде има постојано живеалиште. Жалбата е уважена од второстепениот орган и предметот е вратен на повторно одлучување. Во повторената постапка, од страна на првостепениот орган **донесена е нова Наредба за поставување на должност во Скопје**. Оваа наредба е донесена со цел да му се излезе во пресрет на неговото барање да биде поставен во Скопје и **со истата подносителот е поставен на формациско место кое одговараа на неговото образование**. Имено, [redacted] е Инженер по електротехнички науки и

неговото образование е соодветно на образованието кое е потребно за формациското место на кое е поставен.

Понатаму во одговорот се наведува дека формациското место на кое е поставен во моментов подносителот на претставката е должност за чин мајор, но истиот **ги задржува правата кои се поповолни за него, така што платата на ова формациско место иако е предвидена за мајор, на подносителот му се утврдува како за чин потполковник**, а исто така му се утврдува и додатокот за посебен степен на образование – магистер по технички науки, така што **со преместувањето на новото формациско место подносителот не трпи финансиска штета со намалување на платата поради несоодветниот чин.** Притоа, се истакнува дека **во Армијата има поголем број на воени лица кои не се поставени на формациски места според чинот кој го поседуваат**, па така 3 полковници се поставени на формациски места за кои е предвиден чин потполковник, **17 потполковници се поставени на формациски места со чин мајор (како што е случај со подносителот на претставката)**, 17 мајори се поставени на формациски места со чин капетан и 3 капетани се поставени на формациски места со чин поручник.
Исто така во Одговорот се потврдуваат наводите дека лицето [redacted] е поставен на работното место на кое подносителот на претставката бил поставен во 2010 година и од кое е преместен во 2020 година. Но овој воен старешина, [redacted] е по чин полковник како што е предвидено со Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за одбрана. **За разлика од него, во 2010 [redacted] се стекнал со чин потполковник и истата година бил поставен на работно место за кое според систематизацијата бил предвиден чин полковник.**
Дополнително, во одговорот се потенцира дека подносителот на претставката со завршен Електротехнички факултет, по вработување во Армијата се стекнал со ВЕС на техничка служба, а по комплетирање на пост-дипломските студии и магистратурата се стекнал со нов ВЕС со академско звање - Магистер по електротехника, но со оваа новостекната ВЕС не е предвидено ниту едно формациско место во Армијата, ниту пак во Министерството за одбрана.

## III.

Согласно член 13 став (1) алинеја 2 од Законот за служба во Армијата ("Службен Весник на Република Македонија", бр. 36/2010; 132/2010; 23/2011; 47/2011; 148/2011; 55/2012; 29/2014; 33/2015; 193/2015; 193/2015; 71/2016 и "Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019; 275/2019; 14/2020; 171/2022 и 65/2023) *наредба за поставување, унапредување, разрешување, преместување, упатување, застапување и други односи во службата донесува началникот на Генералштабот во Армијата за офицерите со чин мајор и потполковник и за сите воени старешини заклучно со чин*

*потполковник, професионалните војници и цивилниот персонал поставени на должност во Генералштабот на Армијата.*

Согласно член 74 став (1) од истиот закон со кој се уредува поставувањето на воениот и цивилниот персонал *воениот и цивилниот персонал се поставува на соодветна должност, односно формациско место според неговата воеоевиденциска специјалност, проекцијата на кариера и според потребите на службата во Армијата,* а согласно став (2) од истиот член *По исклучок, доколку потребите на службата тоа го налагаат, воениот и цивилниот персонал може да се постави на формациско место кое не соодветствува со неговата воеоевиденциска специјалност.*

Понатаму, во член 75 став (1) од законот, *воениот персонал се поставува на формациско место на својот чин, а по потреба на службата, може да се постави на формациско место со непосредно повисок или понизок чин,* а согласно став (4) точка 1 од истиот член на законот *активен воен персонал може да биде поставен на формациско место со непосредно понизок чин во следниве случаи:* ***1) поради укинување на формациско место на кое бил поставен, а нема можност да биде поставен на друго формациско место или на работно место определено со акт за систематизација на работите и задачите според неговиот чин.***

Во член 86 во ставовите (1) и (2) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија пак, се уредува дека *преместување на активниот воен и цивилен персонал може да се врши заради потреба на службата. Преместување на активниот воен и цивилен персонал може да се врши од едно на друго формациско место утврдено во актот за формација на Армијата, односно од едно на друго работно место утврдено во акт за систематизација, како и во друго место на вршење на службата.* Во ставо (3) од истиот член, во точките 1 и 2 се уредува дека *преместување на активниот воен и цивилен персонал може да се врши поради:*

*1) укинување или трансформација на единицата или штабот или намалување на обемот на работата во единицата или штабот во Армијата, односно укинување на работно место во актот за систематизација;*

*2) неодложна потреба за пополнување на непополнето формациско место утврдено во актот за формација на Армијата, односно на работно место утврдено во актот за систематизација.*

IV.

Согласно на горенаведеното Комисијата утврди дека подносителот на претставката, [redacted] **во моментов е поставен на должност со чин мајор**. Имено, заради потребите на службата, што е законски уредена можност со Закон за служба во Армијата на Република Северна Македонија, [redacted] е поставен на формациско место со непосредно понизок чин – мајор, но истиот **ги задржува правата кои се поповолни за него, а што се однесува на висината на месечниот износ на платата**. Имено, по укинувањето на формациско место на кое бил поставен од 2020 година до април 2023 година поставен е на друго формациско место соодветно

на неговиот чин во Куманово. Меѓутоа, по поднесена жалба од негова страна и уважување на истата, прераспределен е на формациско место за кое е предвиден чин мајор во Скопје. При тоа констатирано е дека во моментов ниту во Министерството за одбрана ниту во Армијата нема можност да биде распореден на друго формациско место соодветно на неговиот ВЕС, бидејќи такво не е предвидено со актот за систематизација на работните места во Министерство за одбрана и со актот за формација во Армијата на Република Северна Македонија.

Понатаму, Комисијата наоѓа дека за утврдување на постоење или непостоење на акт на дискриминација не може да го земе за релевантно тврдењето на подносителот дека негов претпоставен е лице кое е десет години помладо од него без завршено соодветно образование и со помало работно искуство од причина што **за пополнување на раководни места во ниту едно законско решение не е наведена како услов возраста на кандидатот**. Дополнително [redacted] во 2010 година се стекнал со чин потполковник и во истата година е поставен на работно место Раководител на одделение за кое според систематизацијата бил предвиден чин полковник, а на истото работел заклучно со 2020 година, што значи дека **во наведениот период од 2010 до 2020 година именуваниот бил во поповолна, односно привилегирана положба**. Дополнително, [redacted] кој е вработен во Министерството за одбрана на својот Фејсбук профил објавил содржина која била со воено-политички сензитивна природа. Поради наведеното, а во врска со повреда на член 6 став (2) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, против именуваниот е поведена дисциплинска постапка. Следствено, дисциплинската постапка не е поведена поради тоа што [redacted] има поднсено претставка за заштита од дискриминација пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како што именуваниот тврди. Наведеното беше утврдено од службениот разговор остварен во Министерството за одбрана, евидентирано на Записник број 08-359/15.

V.

Имено, согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа,* додека пак во член 6 јасно е дефинирано дека *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Врз основа на увидот во целокупната обемна документација која беше земена предвид како доказен материјал по предметната претставка за заштита од дискриминација, понатаму утврдената фактичка состојба и земени предвид одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај не најде дека врз лицето [redacted] е сторена дискримнација од страна на Министерството за одбрана, а врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи.

Предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Известител – член на КСЗД, **Лимко Бејзароски**

Скопје,
19.09.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, „Орце Николов" бр. 116, Скопје
- Архива на КСЗД